# ОДГОВОР

## по известување по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 24.02.2015 година достави известување по Нацрт извештајот за извршена ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до Државниот завод за ревизија, заведени под број 11 – 266/3.

Овластениот државен ревизор го разгледа известувањето по Нацрт извештајот и по истото се произнесе како што следува:

- Во однос на **препораката под реден број 4** која е поврзана со утврдената состојба на точката **2.2.2.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на целосно спроведување на пописот на средствата и обврските согласно Законот и Правилникот за сметководството за непрофитните организации, **доставено е известување** за преземените активности за спроведување на пописот за 2014 година, согласно дадената препорака на овластениот државен ревизор. Имено, од страна на Агенцијата доставен е Извештајот и пописни листи од извршениот попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалните и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства со состојба 31.12.2014 година, што ќе биде соодветно обелоденето во Конечниот извештај.

*Ревизорски тим:*

1. ______________________________
2. ______________________________

*Овластен државен ревизор*

______________________________